Финансирано од Европска Унија

Проектот е ко-финансиран од Шведска

Здружението за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска-Скопје во рамките на Проектот: **„Жените го преземаат водството во локалните заедници“** финансиран од Делегацијата на Европаската Унија, а ко-финансиран од Шведска и спроведуван во партнерство со Фондацијата Kvinna till Kvinna и Хуманитарно Здружение „Мајка“ Куманово, објавува

## ПОВИК

### за финансиска поддршка на граѓански организации од Источен и Пелагониски плански регион

**Во рамките на повикот е обезбеден фонд од 25 000 евра од кој ќе бидат доделени 2 гранта во максимален износ до 15 000 евра финансиска поддршка за спроведување на локални акции за зајакнување на влијанието на жените врз планирањето на политиките и процесот на донесувањето одлуки на локално и национално ниво.**

**Финансиската поддршка се доделува за 18 месеци и ќе се однесува на периодот јануари 2025-јуни 2026**

Право на учество на повикот за доделување финансиска поддршка имаат организации кои:

- се регистрирани најмалку две години според законот за здруженија на граѓани и фондации со седиште во Источен и Пелагониски плански регион;
- во раководните органи и во персоналот вклучуваат предоминантно жени и чие членство и ангажирани лица во спроведување на активности на организацијата се состои предоминантно од жени;
- мисијата и целите на организацијата се насочени кон унапредување на правата и положбата на жените и на родовата еднаквост;
- демонстрирале претходна историја на активности за застапување со вклучување на жените од заедницата на локално ниво;
- во ангажираниот персонал не вклучуваат раководни лица од локални институции, лица кои се во управувачки органи и тела на политички партии или лица за кои е утврден конфликт на интереси.

## ЦЕЛ НА ПОДДРШКАТА

Финансиската поддршка се доделува со цел да се зајакне капацитетот за практична примена на теренски методологии за поттикнување на женското граѓанско учество кои:

- Ја зајакнуваат поврзаноста на организацијата со жените од заедницата и поттикнуваат зголемена видливост на нивниот глас и потреби, вклучително и со предлози за промена на исклучувачките консултативни практики и политики на локалните самоуправи;

Оваа активност е дел од проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници“, финансиран од Европската Унија, ко-финансиран од Шведска, а имплементиран од The Kvinna till Kvinna Foundation во партнерство со Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, Скопје и Хумантарно здружение Мајка, Куманово. Содржината на овој документ е единствена одговорност на The Kvinna till Kvinna Foundation и партнерите, и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија и Шведска.

- Ја зајакнуваат самодовербата, тимската работа, информираноста, вештините за автономно преговарање за нивните права и пристап до локалните услуги, солидарноста кај женската заедница, и ја олеснуваат нивната комуникација со релевантни институции (ЕЛС и други) одговорни за спроведување на политиките и обезбедување услуги во областите во кои работи организацијата;
- Поттикнуваат промени во работата на локалната самоуправа и други релевантни институции во насока на инклузивно, транспарентно и родово одговорно планирање и буџетирање и или обезбедување услуги;
- Ја зајакнуваат позицијата на организацијата во заедницата вклучувајќи и преку соработка со други граѓански организации, локалната самоуправа и локалните институции, медиуми;

**СОДРЖИНА НА ПРЕДЛОЗИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТ**

Организациите кои ќе бидат поддржани во рамките на овој повик за доделување грант ќе добијат континуирана и систематска менторска поддршка од Акција Здруженска за спроведување на теренска методолошка рамка за зајакнување и вклучување на жените во локални застапувачки иницијативи која ги вклучува следниве клучни активности:

- Идентификување и испитување на заедницата преку партиципативно истражување на информираноста на заедницата за работата и буџетот на ЕЛС, како и интересот и потенцијалот за граѓански ангажман;
- Јакнење на заедницата преку теренска едукација и развој на вештини за застапување
- Планирање и спроведување на застапувачки иницијативи преку олеснување дијалог и преговори со носители на одлуки;
- Размена и поврзување на женската заедница во функција на формирање теренска мрежа за поддршка;
- Следење на работата, програмите и буџетите на ЕЛС во функција на информирање и едукација на заедницата, утврдување на статусот на застапувачките предлози, оценка на услугите и нивна валидација преку активно вклучување на заедницата
- Застапувачки активности во соработка со заедницата и спроведувачите на проектот кои вклучуваат локални дебати, подготовка на предлози и средби за директно застапување на национално ниво

Освен финансиската и менторската поддршка, за организацијата грантист се предвидени и активности за индивидуална поддршка преку теренски посети, тематска едукација и вмрежување на грантистите и имплементирачките организации.

Оваа активност е дел од проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници“, финансиран од Европската Унија, ко-финансиран од Шведска, а имплементиран од The Kvinna till Kvinna Foundation во партнерство со Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, Скопје и Хумантарно здружение Мајка, Куманово. Содржината на овој документ е единствена одговорност на The Kvinna till Kvinna Foundation и партнерите, и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија и Шведска.

**Недозволени активности**

- активности со кои се поддржува работата на политички партии или верски заедници;
- забави;
- локални манифестации кои се од хуманитарен карактер или не се во функција на застапување на права на жени и родова еднаквост;
- градежни активности кои спаѓаат во домен на работа на локална самоуправа;
- комерцијални и профитни активности;
- едукации без цел за застапување;
- активности кои се веќе реализирани или финансирани од други извори

**РОКОВИ И ОБРАСЦИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

**Пријавите треба да бидат доставени исключиво по електронска пошта на следната адреса: zdruzenska@t.mk не подоцна од 10 декември 2024 година.**

Секоја пријава треба да ги содржи следниве документи:

- Уредно и целосно пополнет Образец за пријавување (Прилог А)
- Прашалник за проценка на капацитети и потреби за зајакнување на локални женски организации (Прилог Г)
- Тековна состојба не постара од 6 месеци

**Начин на селекција**

Процесот на селекција на организациите ќе се одвива во две фази. Во првата фаза ќе бидат предселектирани организации кои ги исполнуваат условите за пријавување и ќе бидат највисоко оценети според критериуми дадени подолу во табелата. Во втората фаза на предселектираните организации ќе им се испорача обука за спроведување на методологии за теренска акција развиена од Акција Здруженска. Потоа ќе имаат обврска да поднесат временски план на активности и предлог буџет усогласен со методолошката рамка по што ќе биде донесена конечната одлука за финансиска поддршка.

Сите поднесени пријави ќе бидат разгледани од панел за разгледување на содржината на пријавите кој е составен од претставници на партнерските организации врз основа на следниве критериуми:

Оваа активност е дел од проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници“, финансиран од Европската Унија, ко-финансиран од Шведска, а имплементиран од The Kvinna till Kvinna Foundation во партнерство со Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, Скопје и Хумантарно здружение Мајка, Куманово. Содржината на овој документ е единствена одговорност на The Kvinna till Kvinna Foundation и партнерите, и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија и Шведска.

| Критериум | Опис | Бодови |
|---|---|---|
| Посветеност на организацијата на промени во корист на жените од заедницата | *Историја на резултати од спроведени локални застапувачки акции преку мобилизација на жените од заедницата* | 30 |
| Капацитет на организацијата за следење и известување за работата на ЕЛС | *Историја на редовна комуникација со општинските власти и публикувани извештаи со резултати од следење на работата на ЕЛС* | 25 |
| Познавања на предложените општини и локации | *Обезбедени се специфични податоци за предложените општини и локации релевантни за спроведување на теренските активности* | 25 |
| Капацитет на предложениот тим за реализација | *Предложениот тим има претходно релевантно искуство за спроведување на обврските кои се распределени согласно описот на работни задачи.* | 20 |
| Вкупно | | 100 |

Акција Здруженска го задржува правото да побара дополнителни информации и документи за предлозите или за подносителите на пријавите за коишто смета дека се потребни за оценување на поднесените пријави. Одлуката за доделување финансиска поддршка може да биде проследена со препораки од тимот на АЗ или од партнерите на проектот за дополнување или корекција на апликацијата. Во таков случај тимот на АЗ ќе спроведе преговори со апликантите со цел да ја финализира пријавата.

Сите организации кои се пријавиле ќе бидат писмено известени за резултатите од Повикот.

Пријавувањето и доделувањето на грантовите ќе се одвива во следната временска рамка:

25 ноември – Повик за грантови
10 декември – Рок за аплицирање
13 декември – Разгледување на апликации со предселекција
17 декември – Воведна работилница за примена на методологии за теренска акција
24 декември – Рок за поднесување на временски план на активности и предлог буџет
27-31 декември – Известување и потпишување на договор за грант.

Оваа активност е дел од проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници", финансиран од Европската Унија, ко-финансиран од Шведска, а имплементиран од The Kvinna till Kvinna Foundation во партнерство со Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, Скопје и Хумантарно здружение Мајка, Куманово. Содржината на овој документ е единствена одговорност на The Kvinna till Kvinna Foundation и партнерите, и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија и Шведска.

Проектот е ко-финансиран од Шведска

**ОПИС НА ПРОЕКТОТ**

Општата цел на проектот **„Жените го преземаат водството во локалните заедници“** кој се реализира во периодот мај 2024 – април 2027 е да создаде услови за жените да учествуваат целосно и ефективно во развојот на еднакво и демократско општество во согласност со реформите поврзани со ЕУ.

Со спроведувањето на проектот се очекуваат следниве резултати:

- Зголемени капацитети на локалните женски организации и жените лидерки во заедниците за суштинско учество во процесите на развој и донесување одлуки за политиките и реформите, преку зајакнување на нивните знаења и вештини за истражување, мониторинг и анализа, развивање и следење на ефектите од стратегии за застапување засновано на докази и овозможување на размена на искуства и добри застапувачки пракси во функција на унапредување на родовата еднаквост
- Подобрен пристап на локалните женски организации и жените лидерки во заедниците до можностите за застапување на локално и особено на национално ниво, преку развој и директно застапување на предлози за политики засновани на докази пред локални и национални институции и јавни дебати и кампањи за промоција на женското лидерство, за тие да бидат препознаени како двигатели на демократски промени на локално и национално ниво

За остварување на овие цели, во рамките на проектот е обезбедена финансиска и техничка/менторска поддршка која е наменета за 5 организации кои се вклучени во програмите за институционална и проектна поддршка на АЗ за спроведување терениски стратегии за зајакнување на жени од маргинализирани заедници за граѓански јавен ангажман, нивна мобилизација и поддршка за вклучување во застапувачки акции пред локалните власти.

Дополнително, во реализацијата на проектот ќе бидат вклучени две нови организации кои ќе бидат избрани на овој јавен повик.

Од вкупно обезбедениот буџет за грантови во износ од 6.145.000,00 МКД ќе бидат доделени 7 грантови **со максимален износ во висина од 921.750,00 МКД.**

Финансиската и техничката/менторска поддршка поддршка ќе овозможи:

- Зајакнување, проширување, поврзување и поддршка на самостојното работење на воспоставената теренска мрежа на женски кружоци
- Поширока мобилизација и интензивирање на локалното застапување со предлози за родово одговорно планирање и буџетирање и воведување на механизми за консултации и отчет на ЕЛС засновани на докази
- Мобилизација и поддршка на локалните организации и женските кружоци за вклучување во активности за национално застапување

Оваа активност е дел од проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници“, финансиран од Европската Унија, ко-финансиран од Шведска, а имплементиран од The Kvinna till Kvinna Foundation во партнерство со Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, Скопје и Хумантарно здружение Мајка, Куманово. Содржината на овој документ е единствена одговорност на The Kvinna till Kvinna Foundation и партнерите, и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија и Шведска.

За организациите на кои им е доделен грант Акција Здруженска ќе организира ориентациона работилница со цел да им се дадат насоки за администрирање на грантовите, финансиски менаџмент и програмски менаџмент во согласност со Договорот за грант. На работилницата треба да учествува и програмскиот и финансискиот персонал на организациите суб-грантисти. На работилницата детално ќе се претставaт насоките за:

- Примена на утврдени политики и процедури соодветно на Договорот за финансиска поддршка (пример финансиски политики, политики за управување со конфликт на интерес, политики за човечките ресурси, политики за заштита на лични податоци, политики за родова рамноправност и сл.);
- Начин, динамика и обрасци за наративно известување;
- Начин, динамика и обрасци за финансиско известување;
- Процес на мониторинг на проектот од страна на тимот на АЗ;
- Алокација и реалокација на средства од буџетот;
- Дозволени и недозволени трошоци;
- Комуникација со тимот на АЗ, задолжителни претходни одобренија и сл.;
- Политики и процедури за односи со јавност и објавување на содржини на социјални медиуми, печатење на материјали и публикации, објава на соопштенија на медиуми и сл.

Доколку имате дополнителни прашања или потреба од појаснувања во врска со повикот ве молиме да се обратите на следната електронска адреса: zdruzenska@t.mk.